Сергеј ЦВЕТКОВСКИ

УДК: 355.1.077 (-622НАТО)

# ДИЈАЛЕКТИКА НА ДВЕ ТРАНСФОРМАЦИИ ВО *ЕВРОПА*: ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО 21 ВЕК ЗА *НАТО* И *МАКЕДОНИЈА*

***Кратка содржина***

*Како што НАТО продолжува да ги редефинира своите улоги и мисии, ќе се соочува со политички и воени проблеми.*

*Успешно да се нафатите со процесот на проширување, да ја менувате пресметката на мисиите и да ја ревидирате состојбата на силите, додека се прилагодуваат новите оперативни концепти и доктрини се навистина врвно признание за било која алијанса или институција. Како и да е, достигнувањата на НАТО во последниве години, постоењето на стратешки предизвици со кои се соочуваат неговите членки денес, отсуството на било какви животворни алтернативи, и силата на демократските институции на неговите членки се добри причини да се биде оптимистичен. И како што беше случај низ историјата на НАТО, енергичното но тактично лидерство на САД, кое може да биде применето денес како и во идни управувања, – е неопходно.*

*Проширениот НАТО по дефиниција вклучува и други европски држави.*

*Во какви извори треба да се инвестира? Како Алијансата ке се справи со конфронтацијата со интернационалните актери? Каква улога Македонија ќе одигра?*

*Вежбите на Партнерството за Мир се зголемуват по обем и ниво од година во година.*

*Одредени аргументи укажуваат дека развиените механизми за соработка во рамките на Евро-Атланското партнерство имаат обезбедено значаен практичен придонес во одбранбените реформи и во зголемувањето на оперативните способности на партнерите. Сепак, неопходно е да се тежнее кон понатамошни одбранбени (и воопшто глобални)реформи и да се постигне интероперабилност со силите на НАТО.*

***Клучни зборови:*** *ПОСТ-СТУДЕНА ВОЈНА, ДИСОЛУЦИЈА, ТРАНСФОРМАЦИЈА, ИМПЕРИЈА, ИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈА, КРИЗА, ПРЕДИЗВИЦИ, АПОРИЈА.*

## Вовед

Пост-студеновата војна заврши. Само помислата за годините кои изминаа по интеграцијата на двете Германии во една, по дисолуцијата на СССР, ни служат како потсетник дека тие за овој период се исто така драматични како оние во периодот 1945-1949 кога победничките структури ги воспоставија своите позиции со потпишувањето на Вашингтонскиот договор и последично формирањето на НАТО. Една нова иднина допрва зпочнува. Или подобро речено започна во април 1999 со ревизијата на Вашингтонскиот договор со која започна да се антиципира безбедноста во Европа по првото проширување на НАТО.

Но, каква ќе биде тоа иднина? Некоја која ќе ги воскресне најлошите спомени од далечното минато-или некоја која ќе ги зајакне најдобрите наследства од неодамнешното минато? Она што досега се одигра повеќе укажува на втората. Како што и се очекуваше ерата на пост-студена војна во Европа беше пропратена со многу нестабилности и неизвесности. Најочигледните се одиграа на просторот на некогашна Југославија.Не треба да го заборавиме и СССР. Но во основа овие нестабилности и несигурности имаат многу малку врска со Студената војна. Тие повеќе се последица на некои други војни во 20-тиот век вклучувајќи ги и двете светски војни кои беа предусловени од дистрибуцијата на моќ во Европа и пошироко.

Откако новите негативни настани ги разочараа нашите очекувања за мирен пост-студен период, повиците за нови безбедносни структури кои ќе ги заменат воените алијанси – брзо исчезнаа. КЕБС доби ново име за веднаш потоа да почне да бледее. Ставовите за дисолуција на НАТО можеа да се слушнат во крајот на 80-тите од истите оние кои истото го заговараа за време на студената војна. Ваквите повици од 1993 станаа помалку фрекфентни и помалку предизвичувачки за командата на НАТО. Последователно на тоа очекувањата за брза и целосна (ре)конструкција на Европа го изгубија својт интензитет. Настаните на просторите на поранешна Југославија потврдија дека се уште не е целосно дојдено времето на Европа.

Со почетокот на новиов век присутната можност за понатамошна позитивна трансформација на Европа претставува јасен предивик и за НАТО на овие простори во годините кои следат. Спротивно на трендовите наследени од Студената војна сето тоа би требало да има поинакви форми. За земјите кои се наоѓаат на перифе-

ријата на Европа постои помалку опасност. Нивните граници се одредени. Исклучок би можеле да бидат оние кои би ги обновиле своите империи во Африка или во Азија – најмалку по пат на сила. Секако, тие денови се завршени. Балканот е тој кој ќе продолжи да игра централна улога во Европа како и во односите на Европа со Русија и САД. Оваа улога е исклучително пресудна на бреговите на Средоземјето каде што се протега лакот на т.н. Исламска криза кој започнува од Алжир преку Северна Африка кон блискиот исток се до Муслиманските Републики на мртвиот Советски Сојуз.

Враќањето на старите европски империи може да земе најразлични форми. Најочигледен е фактот за опасноста од наплив на имигранти кои се со намера да ги напуштат строгите економски и политички услови кои преовладуваат во нивните држави за да се населат било каде во богатата Европа, со договори кои би ги избришале границите. Алтернативно, некогашните колонии можат да извезуваат во некогашните матици или суровини со манипулација на цените и со витални артикли или да извезуваат насилсто изразено преку тероризам и како и другите извозници и политички нестабилности.

Во било која од овие ситуации, прашањето за Исламот во Европа е реално и може да предизвика сериозни предизвици за безбедноста во Европа. Прашањето за исламот се доживува различно помеѓу европските држави. Но, со почетокот на новиот век предизвиците за безбедноста на Европа стануваат внатрешно-заеднички. Во секој случај релациите на Европа со Исламот и исламските релации со Европа вршат силно влијание врз политичките договори и тргувања: прашањето за Шенген, поделбата на структурните фондови и импликациите на проширувањето на ЕУ на исток.

Политичките промени во Европа со понатамошно проширување на Нато можат да бидат прилично значајни. Во моментов европската унија е жртва на сопствениот успех. Оние кои не се членки, на унијата гледаат како скратено патче до економска стабилност и безбедност. Членките на неа продолжуваат да гледаат како богатство дома и влијание во странство. Раснењето на свеста за трошоците за интеграција е оној елемент кој на целиот процес му дава една неочекувана кршливост. Комбинацијата на економски и културни кризи – прашањата за моќта и идентитетот никогаш не се исполувале позитивно за европејците. Земјите од Европа се уште немаат волја и начин како да се борат заедно, како унија на држави. Најголемите

безбедносни предизвици за европејците се главно оние кои тие самите си ги создаваат. Проширениот НАТО не значи дека по автоматизам ќе ги реши сите проблеми. Но поради сопствените неспособности на Европа сè уште и треба НАТО. Нато ќе стои на линијата на најголемите предизвици за Европа.

Досегашното проширување на НАТО бараше стратегиско и институционално поднебје. Така ќе биде и понатаму. Тоа значи дека Алијансата и понатаму ќе ги дефинира своите потреби за мисии и цели и ќе одреди кои нови членови и институции ќе бидат добредојдени со цел да се пополнат празнините настанати со новите односи во европското цивилно општество. Во 1998 одлучувачкиот аргумент за проширувањето беше предвидливата цена за плаќање доколку не се применеше можноста за проширување кон Русија. Првото проширување беше јасно базирано на рационална стратегиска одлука. Сега наместо рационалност во одлуката за проширување на НАТО треба да биде и релизмот, рационалноста е во неговата свесност за опасности и свесност за потребата за институционализација.

Според тоа, еволуцијата на НАТО и ЕУ вклучувајќи го проширувањето и институционалните реформи мора да биде не само компатибилна туку и комплементарна.

## Македонија и евроинтеграцијата

Македонија е европска земја. Географската местоположба не подлежи на полемика. Која е нејзината улога во целиот овој процес? Која е нејзината иднина?

Во април 2003 првата воена мисија на операција водена од ЕУ – Конкордија беше применета во Македонија, како наследство на мисиите во Македонија водени од НАТО. Мисијата обезбедуваше поддршка на меѓународните набљудувачи од ОБСЕ и помогна да се развие практична координација меѓу механизмите на НАТО и ЕУ.

Ефективното партнерство помеѓу ЕУ, НАТО и ОБСЕ во менаџирањето на кризата 2001 год. во Р. Македонија обезбеди едно од најзначајните успеси на интернационалното делување на Балканот. Улогата на НАТО беше клучна во посредувањето при прекинот на огнот и допринесувањето за враќање на безбедноста во кризните региони со операцијата Килибарна Лисица.

Република Македонија како аспирант за членство во Алијансата веќе го има дадено својот личен допринес во НАТО операциите надвор од Евро-Атлантското подрачје.

Денеска НАТО може да се чувствсува гордо на своите достигнувања. Иако воените сили на Алијансата никогаш не се сретнаа со трупите на Варшавскиот Пакт во борба, сепак некои аналитичари се сомневаат дека НАТО го одвраќаше однесувањето на Советите, дека ги ублажуваше повремените тензии меѓу неговите членки, дека потикна помирување во повоена Европа и дека создаде една рамка за долготрајно и конструктивно поврзување меѓу Европа и волјата и моќта на САД.

Занемарувајќи ги овие суштински достигнувања, организационата виталност на НАТО и интелектуалната живост – се значајни. Алијансата има минатао низ многу кризи, почнувајки од очигледната неспособност во почетокот да се справи со сценариото на масовен напад од Советите па се до дебатите предизвикани од замената на концептот за масовна нуклеарна одмазда со доктрината на еластичен одговор. Други клучни доктринални предизвици вклучувале судири околу тоа дали да се прошири пристапот на НАТО за справување со Советската закана и со дипломатија покрај воените средства, жешките расправи во 1970-тите и 1980-тите во врска со модернизацијата на нуклеарните сили и кои се најдобрите начини за справување со невоените офанзиви на Советите. Гледано station наназад, јасно е дека сите оние критики за очигледноста на разединетоста и разноликоста кај Алијансата кои ќе предизвикаат негова пропаст биле погрешни. Алијансата, која вклучува најголемо здружување на демократски нации, успеа да преживее и да просперира благодарејќи токму на тие особини-дебатирањето и несогласувањето – кои се својствени за демократските институции.

Сепак иднината на НАТО не може да се претпостави или да се екстраполира врз основа на минатото. Заканата од Советите- причина за формирањето на НАТО и најзначајниот фактор кој обезбедувал кохезија – сега го нема. Оние кои искажуваат загриженост за опстојувањето на НАТО, едноставно го преувеличуваат проблемот. Како што е случајот со сите најуспешни институции така и НАТО има собрано доволно дипломатска, воена и бирократска тежина за да си го обезбеди своето постоење во недоглед. Бидејќи немаше алтернативни нови безбедносни ангажмани на повидок, затоа и немаше некој силен институционален предизвикувач. Дури уште

повеќе бидејќи светот по Студената војна остана обремент со бројни глобални и регионални проблеми многумина се сомневаа во потребата да постои НАТО како исклучиво одбранбен сојуз.

Така во едн момент НАТО се најде пред три нови предизвици. Првиот беше како да се справи со бројните новопојавени демократии кои бараа приклучување кон Алијансата, наведувајќи ги своите безбедносни потреби. Поврзано со тоа иако различно, беше прашањето за справувањето со пост-комунистичка Русија која демонстрираше одредена мешавина од демократски и економски реформи и надворешна политика која на многу начини остануваше да биде антизападна (главно анти-американска). Вториот предизвик беше како да се редефинира мисијата на Алијансата за да се справи со заканите со кои се конфронтира денес. Императивите на новите предизвици можеа да им се препишат, барем делумно на крајот на биполарната студена војна и на големиот наплив на етнички и религиозни конфликти кои извираа од пост-комунистичката транзиција како и од некои омрази од минатото кои со векови беа обележје на европската историја. Овие конфликти ја загрозуваа европската стабилност. Третиот предизвик со кој се соочи НАТО беше како да се корегираат поставеноста на силите, оперативните концепти и доктрините за да се совпаднат со изменетиот профил на мисијата и со буџетските и политичките стеги со кои се соочуваа неговите членови.

Првата задача која требаше веднаш да се спроведе беше проширувањето на исток. Секој од новите аспиранти мораше да биде свесен за потребата од имплементација на соодветни обврски-поделба на ангажмани и пополнување на технолошката празнина. Друга основна грижа беше како да се мине низ процесот на проширување а притоа да не се разводени интегритетот на НАТО. И како потребата за одбранбени мисии на Алијансата се губеа, така таа мораше да обезбеди сите нејзини членки да имаат еднаков пристап до безбедноста. Иако НАТО може да презема и во иднина ќе презема најразлични улоги, пред се мора да остане како одбранбена алијанса чија главна но не и единствена мисија е да ја обезбеди трансатланската безбедност. НАТО не смее да дозволи да се претвори во некое полемизирачко друштво или да ја изгуби способноста да употреби сила кога постои закана за виталните интереси на неговите членки. Тоа значи дека процесот на проширување беше и ќе биде-долгорочно гледано – во согласност со географските и воените фактори.

Две дилеми пред кои се најде НАТО беа како да се спроведе процесот на проширување и кон што тој би водел. Некои експерти препорачуваа извесни паузи, за да се изведе целосно интегрирање на новите приклучоци и истовремено да се избеганат понатмошни тензии со Москва. Други остро се спротивставуваа против било какви понатамошни проширувања на Алијансата или најмногу што може да се дозволи е да има уште едно (второ) проширување по што треба да се затвори вратата на НАТО.

Прифаќањето на нови членки беше условено со достигнувањата во демократските и економски реформи на државите како и нивната способност да допринесат во суштинската мисија на НАТО за заедничка одбрана, одвраќање и безбедност. Ова не значеше дека НАТО мора веднаш да прифати нови членови. Така и се одигра – се покажа дека влезот може да се одолговлечува. Она што беше поважно од прецизниот распоред за проширување беше симболиката и концептуалната јасност на Алијансата.

Како составен дел на процесот на проширувањето на Алијансата беше и се уште е потребата за утврдување на критериумот за квалификуваност при одредувањето дали одредена земја заслужува да биде примена во алијансата или во т.н. предворје Партнерство за Мир. На земјите кои имаат недостаток на демократија или оние кои тежнеат кон несоодветни домашни или надворешни политики не им се дозволува да се приклучат. Но, можеби е и нереално па дури и контрапродуктивно да се инсистира на совршенство како предуслов за зачленување. Во ситуација во која на одредени помалку совршени земји им е дозволено да влезат а други, слично ситуирани баратели се одбиени, активностите на НАТО се карактеризираат како хипокритички. Значи членството во НАТО какво што беше во минатото може успешно да се искористи како побуда за подобрување на демократската практика на одреден аспирант. Упадливото балансирање помеѓу различните императиви за влез е сложен процес кој не може да се води со еден комплет од едноставни правила.

Во истовреме беше есенцијално да се осигура дека Русија ќе биде убедена дека НАТО не е и нема да биде закана за легитимните безбедносни аспирации за Москва. Ова осигурување можеше да се постигне на два начина. Прво, НАТО требаше да продолжи да соработува со Русија во безбедносната сфера преку Здружениот Совет на НАТО и Русија и преку заеднички мисии. Пр. Во Босна руските сили беа оперативно здружени со НАТО силите. Второ,

НАТО требаше јасно да даде на знаење дека новата политика на проширување е поврзана со новата глобална безбедност а не е фокусирана кон Русија.

Напоредно НАТО мораше да даде јасно објаснување во каква релација ќе биде со останатите европски и атлантски институции. Укажувајќи на фактот дека без безбедносна, политичка и економска реформа не може да се успее, НАТО јасно даде на знаење дека членството во ЕУ (Европска Унија) не може да биде субститут за членство во НАТО. Беше сватливо дека за одредени европски земји влезот во ЕУ би се случил побргу отколку влезот во НАТО. Нато исто така мораше да се обезбеди од одредени институции поврзани со ЕУ, да не навалувват премногу во неговата „територија".

Еден од најсериозните предизвици со кои се соочи НАТО беше оној од типот кога и како да ја редефинира својата улога. Конкретно, релевантните прашања беа како да се адаптира мисијата и воената структура на НАТО за да се справи поефикасно со заканите со кои се соочува Алијансата и истовремено како да ги спроведе институционалните реформи. НАТО оригинално беше воспоставен за да обезбеди заедничка одбрана од надворешен напаѓач во рамките на гографски лимитирана област. Во ерата на пост-студена војна спектарот на опасности стана многу поразличен и посложен. Алијансата беше повикана да стане сила на мирот од Средниот Исток до Централна Африка. САД исто така го притискаа НАТО да се насочи и кон опасностите од оружјето за масовно уништување. Според ова гледиште примарната мисија на НАТО е борбата против нуклеарната пролиферација и меѓународниот тероризам и промоцијата на глобалната стабилност. Но не треба да се сфати дека НАТО ќе биде целосно глобална алијанса.Тешко е да се замисли дека НАТО би се инволвирал во Азија или Латинска Америка или дека неговите членови секогаш ќе одат рака под рака со САД во кризите во Африка или во Средниот Исток кога тоа влијае на нивната економска и воена безбедност. Најдобро решение беше создавање на ситуации во кои НАТО за спроведување мисии надвор од областа покриена од неговите членови мора да добие мандат при што неговите членови ќе зачуваат прилична флексибилност во одлуката колку тие би се вклучиле во ваква авантура.

Активностите на НАТО попримија и други димензии. Пр. создавањето нации. Друга нова мисија на НАТО покрај неговата доблест со Партнерството за Мир е придонесот за политички и без-

бедносни придобивки кај земјите кои не се членки. Други од комплетот на нетрадиционални мисии кои ќе продолжи да ги спроведува ќе биде попречувањето на етничко чистење, криминалот и решавањето на проблемите со бегалците.

По толку многу години постоење имплементацијата на било какви организациони измени е инзвонредно тежок предуслов. Без никаква негација се знаеше дека големи реформи во структурата на силите беа и ќе бидат потребни. Пр. засилување на доминацијата и инфраструктурата за справување со проблемите на јужното крило-за сметка на централниот фронт. Фактот дека НАТО минуваше и минува низ бројни други тековни промени ги прави институционалните реформи многу потешки за спроведување.

Низ историјата НАТО беше зависен од конвенционални и од нуклеарни сили, подржани од софистицирани доктрини за да ги спроведе своите мисии. Со менувањето на концептите и силите се менуваа и дебатите за тоа кој е најдобриот начин за да се води овој процес. Сите овие промени се условени од измените на заканите во околината, редуцираните буџети за одбрана и зголемениот број на членки како и зголемената тенденција кај повеќето членки на Алијансата да го редуцираат нуклеарното оружје како фактор на одвраќање. Од 1991 НАТО го има смалено арсеналот на нуклеарни боеви глави за повеќе од 80%. Но, во глобални рамки каде што бројни злосторнички режими и регионални насилници се обидуваат да воведат нукларно, биолошко и хемиско оружје како начин за неутрализирање на конвенционалните капацитети на НАТО, пред се на САД, Алијансата не може да се откаже целосно од нуклеарното оружје. Улогата на секоја од нуклеарните стратегии на НАТО и можно распоредување на ракетните одбранбени системи треба внимателно да се испитува од случај до случај.

Останува членките на НАТО да трошат повеќе на модернизација на нивните конвенционални сили. Да се направи ова во ситуација на намалени буџети за одбрана ќе бара расположение за координација и интеграција во набавките. Европејците исто така ќе морат да преземат поголема одговорност при распоредувањето на силите во кризните региони. Тие во иднина ќе треба да избегнуваат неприкладно ценкање околу потребата секогаш да се употребуваат американските трупи на тлото на Европа.

До каде стаса Македонија во оваа насока? Прашање од огромна важност за Р. Македонија е зачленувањето во НАТО. Собранието

на Р. Македонија во 1993 год. донесе одлука за целосно членство во Алијансата, раководејќи се од проценката дека ниту една земја во Евроатланската област, вклучувајќи ја и Р. Македонија не е во состојба сама да биде гарант на мирот, стабилноста и сопствената безбедност доколку остане во изолација. Алијансата е таа која е столб на безбедноста во посочената област. Веднаш во рамките на воената дипломатија беа преземени чекори за поактивна соработка на нашата земја на меѓународен воен план соработка и размена на искуства со одделни држави во научно-технолошката, едукативна и други области, се започна со набавки на вооружување и модерна опрема беа релизирани заеднички вежби во рамките на Партнерството за мир, испратени беа наши претставници во седиштето на НАТО во Брисел и Манс, потпишан беше договорот СОФА и билатерални аранжмани со земји членки на НАТО итн. Значи, уште пред повеќе од една декада постоеше и се развиваше свеста за приклучување кон НАТО. Беше јасно дека тоа е процес чие конечно финализирање ќе потрае и дека зависи како од нас така и од другите земји членки на Алијансата. Коцките се фрлени. Играта вреди да се игра. Победници не може да бидат сите.

На неодамнешниот состанок (26-ти октомври) меѓу премиерот на Р.Македонија и претседателот на САД беа допрени многу теми, меѓу кои и напредокот во реформите, спроведување на Рамковниот договор и напорите на Македонија за влез во евроатланските структури. Претседателот на САД го поздрави постигнатиот напредок за влез во НАТО и истовремените аспирации за членство во ЕУ. Беше истакнат напредокот на Македонија во спроведувањето на Рамковниот договор. Македонија покажа дека луѓето од различни култури на Балканот можат да живеат заедно во мир.

Врските меѓу Р. Македонија и САД се цврсти. Македонија ја изразува својата благодарност за американското признавање на уставното име на земјата, Република Македонија. Македонија не така одамна беше ставена во неблагодарна позиција во која да мора да избира меѓу НАТО (САД) и Европа. Денес Македонија е поблиску до членството во НАТО отколку до членството во ЕУ. Високите НАТО претставници во Македонија позитивно го оценуваат прогресот кој земјата го постигна во процесот на интеграција во НАТО, но она кое тие најчесто го потенцираат во последно време се реформите во судството и економијата кои земјата мора да ги спроведе до крај. Главниот параметар кој ќе одлучува дали земјата ќе биде пока-

нета на следниот или оној по него самит за проширување на НАТО е поврзан со напредокот кој земјата го постигна реализирајќи ја реформската агенда. „Најбезболни“ беа реформите во вооружените сили па оттука и напредокот во овој сегмент е најголем но постојано се потенцираат бавните подобрувања во судскиот систем како услов за поттикнување на странски инвестиции. Инвеститорот сака да биде уверен дека неговиот капитал е сигурен.

Напредокот во одбранбениот сектор гледано пошироко од вооружените сили е исто така на повисоко ниво имајќи впредвид дека во Р. Македонија започнаа да функционираат (по НАТО стандарди) две нови владини тела: Дирекцијата за заштита и спасување и Дирекцијата за менаџирање на кризи. Концептот за Оперативни Способности (ОЦЦ) кој е многу корисна алатка за Евро-Атлантското партнерство може да се покаже како есенцијален во подготовката на интероперабилни сили за менаџирање на кризи.

Позитивни сигнали беа дошле и од насока на релацијата Алијанса-Министерство за транспорт и врски на Р. Македонија. Се однесуваа на финализирање на планот за реконструкција на патната мрежа во Македонија. НАТО издвои 35 милиони евра за реконструкција на оштетените патишта во Р. Македонија.

Р. Македонија продолжува успешно да ја игра својата улога во Партнерството како еден отворен форум за политичка консултација за еден широк спектар на безбедносни прашања и како умешна алатка за практична соработка во одбраната. Од перспективите на Партнерството и МАП програмата ние на НАТО гледаме како политичко воена организација која не е само инструмент на колективна безбедност туку и ефикасен инструмент за подршка на мирот.

Партнерството останува да биде отворено за нови членки. Нашето искуство на Балканот ни укажа на вредноста на инвестициите во безбедноста, уште поголемо значење на здруженото инвестирање. Преку ПфП (Партнерство за Мир) ние научивме како да соработуваме, како да учествуваме во операции предводени од НАТО и да даваме подршка на другите Партнери. Врз основа на ваквите искуства некои од механизмите на ПфП можат да се искористат во новите Партнерства (Медитеранскиот дијалог и Истанбулската кооперативна иницијатива) – фокусирајќи се на практична соработка. Согласно новиот географски фокус на Алијансата Р. Македоија ја поздравува нејзината одлука да го задржи присуството на овие простори.

Р. Македонија вложи големи напори и забележи значајни достигнувања во рамките на Јадранската Група. Земјите од оваа група Македонија, Хрватска и Албанија е предвидено НАТО да ги реши во пакет. Но не мора да биде така. Македонија као 10 годишен член на ПфП и како 6 годишен член на МАП, низ една тесна соработка со Алијансата созреа и во политичка и во безбедносна смисла, трансформирајќи се паралелно со трансформациите на Алијансата. Почнувајќи како транзитно и стационарно подрачје за трупите на НАТО на Балканот сега сме во ситуација да бидеме заедно со НАТО во Авганистан и заедно со сојузниците во Ирак. Во блиска иднина предвидено е зголемувањена нашата улога во Авганистан. За нашите политичари е само прашање на време кога во НАТО.

Стратегискиот одбранбен преглед претпостави долготрајни реформски цели пред вооружените сили као намалување на персоналот и негово реструктуирање, зајакнување на обуката, и подобро опремување. Главната цел низ овие напори е да се постигне и да е зачува инероперабилноста. Токму учеството на нашите сили во мисиите во странство е показтел за успешно спроведени реформи во овој сектор.

Ставот на македонскиот политички врв е јасен. Се очекува следниот самит за проширување во 2008 година. Би било убаво Македонија да биде поканета за членство во НАТО.

## Наместо заклучок

**Но**, секогаш постои едно „но“! Морам да искажам личен сомнеж. Се плашам целава оваа значајна работа за нас да не излезе една голема апорија (*айориа* – безизлез, ќорсокак). Имам извесни асоцијации со некогаш посетуваните предавања по предметот филозофија. Поконкретно Елејската школа и нејзинот претставник Зенон, ученикот на Парменид. Аристотел го нарекол Зенон Елеецот „татко на дијалектиката“ (вештина на спорењето со разделувањето на целото и испитување на неговите противречни делови). Во случајов не сакам да укажам на насловот на трудов. Тежиштето е сосема друго. Зенон со апориите докажувал дека поимот на движење е апсурден, невозможен. За неупатените и за оние кои подзабораниле би го споменал примерот со лакот, стрелата и целта. Така, ако стрелата се движи кон целта во еден временски интервал (ДТ1) таа ќе

измине половина пат до целта. Во некој нареден временски интервал (ДТ2) помал од претходниот таа ќе измине уште половина пат од веќе преостанатата половина и во секој нареден интервал помал од последниот таа ќе изминува половина пат од преостанатиот итн., но бидејќи секогаш ќе има колку и да е мали половини од половините ќе произлегува дека стрелата никогаш нема да стаса на целта (апорија *дихотомија*, делење на две). Можеби уште по репрезентативен пример е брзоногиот Ахил, кој иако на спората желка и даде предимство да речеме од 10 метри, тој никогаш нема да ја стаса, зашто кога тој ќе претрча 10 метри, желката ќе има веќе изминато неколку сантиметри, кога тие ќе ги мине Ахил, желката ќе се помрдне за некој милиметар итн., до бесконечност, Ахил не ќе ја стаса желката.

Во релацијата Нато-Македонија, дали Македонија ја игра улогата на Ахил или на „оклопената желка"? Вторава улога според поставеноста на стартната позиција не е наша. Брзи како Ахил во целиот овој процес не сме, но и доколку би биле таа улога и не е баш ветувачка.

*Логичкото расудување ги побива податоците на сетилата.*

(Рецензент: *проф. д-р Марина Митревска*)

Sergej CVETKOVSKI

# DIALECTICS OF TWO TRANSFORMATION IN EUROPE: 21-ST CENTURY CHALLENGES FOR NATO AND MACEDONIA

**Abstract**

*As NATO continues to redefine its roles and missions; the problems faced are as likely to be political as military.*

*Successfully tackling the enlargement process, changing the mission statement, and revising force posture, while adopting new operational concepts and doctrine, are a tall order for any alliance or institution. However, given NATO's record over the past years, the existence of strategic challenges facing its members today, the absence of any viable alternatives, and the strength of its members' democratic institutions, there are good reasons to be optimistic. To be sure, as was the case throughout NATO's history, vigorous, but tactful U.S. leadership, which can be applied today as well across a number of future administrations, is necessary.*

*Increased NATO by definition includes other European states.*

*What kind of resources should be invested? How Alliance will manage confronting international actors? What role Macedonia should play?*

*PfP exercises are increasing in level and scope in yearly basis.*

*A number of arguments say that the developed mechanisms for cooperation in the framework of the Euro – Atlantic Partnership have provided a considerable practical contribution to defense reforms and to the increase of the operational capabilities of the Partners. Still, it is necessary to further pursue the defense reforms (and the overall reforms) and achieve ' interoperability with NATO forces.*

***Keywords**: POST-COLED WAR, DISSOLUTION, TRANSFORMATION, EMPERY, INSTITUTIONALIZATION,CRISIS, CHALLENGES, APORIA.*